# Лист со факти
## Избор на фонд

### Што значи тоа за вас

Цел на Законот за избор на фонд (Избор) е да им се овозможи на повеќето вработени Австралијани да го изберат нивниот “superannuation” фонд.

Ако имате Избор, вие може да избирате каде да се уплатуваат вашите гарантирани придонеси на работодавецот за “superannuation”. Придонеси се минималните суми што работодавците треба да ги уплатуваат за нивните вработени во некој “superannuation” фонд – тие сега изнесуваат 9% од платата.

### Повеќето луѓе имаат избор

Но, Законот за избор на фонд не се однесува на разни категории луѓе, вклучувајќи ги тие кои:

- Работат според Australian Workplace Agreement (AWA)* или Individual Transitional Employment Agreement*
- Работат според овластени или други договори*
- Работат според државен договор за неинкорпориран работодавач
- Се со дефинирани бенефити (во зависност од условите на поединечните фондови)
- Се во некој фонд на јавниот сектор (некои ќе имаат Избор)

Австралиската даночна управа (www.ato.gov.au) може да ви помогне да дознаете дали имате право на Избор.

Во зависност од аранжманите со вашиот работодавач изборот на фондот ќе зависи од работодавачот, вашиот award или посебните прописи.

* (со одредби според кои работодавецот е должен придонесите да ги уплатува во некој конкретен “superannuation” фонд)

### Како функционира изборот на фонд

Ако имате право на Избор, вашиот работодавец е должен да обезбеди формулар Standard Choice Form кога:

- почнувате да работите кај него;
- вие барате и не сте извршиле избор во последните 12 месеци;
- вашиот избран фонд не е повеќе достапен; или
- вашиот работодавач го смени претпочитаниот фонд.

Вие може да изберете фонд со формуларот Standard Choice Form или написмено со ‘Nomination Letter’ до вашиот работодавач што ќе ги содржи сите неопходни податоци според законот.

### Избор на фонд кој вам ви одговара

Ако не сакате да изберете фонд, има неколку важни работи за кои треба да размислите:

#### Квалитет на фондот – дали фондот е докажан водечки фонд во индустријата?

AustralianSuper е призната на пазарот како фонд со висок квалитет. Фондот постигна највисоки оценки од страна на четири независни организации проценувачи на пензиски фондови кои ги проценуваат сите факти за фондот.

#### Избор на инвестирање - колку опции за инвестирање се нудат? Има ли опција за инвестирање која вам ви одговара во моментот и во иднина?

AustralianSuper ви нуди 16 можности за инвестирање, вклучувајќи ја опцијата да инвестирате во врвните 200 компании на австралиската Берза преку опцијата ASX 200 Shares.

**Повраќај од инвестиции – дали повраќајот од инвестициите е висок и постојан на подолг период? Како се споредуваат краткорочните и долгорочните повраќаи со другите фондови во индустријата?**
Урамнотежената (Balanced) опција на AustralianSuper's даде солидна долгорочна добивка од инвестиции. Добивката од почетокот на оваа опција до 30 јуни 2009# е 9.60%

**Такси – Има ли такси за влез и излез? Дали ви наплаќаат мали административни такси во неделата или процент од износот на вашата сметка? Колку такса ви наплаќаат за раководење на инвестициите? Да ли ви се наплаќа за менување на опциите за инвестирање?**
Со AustralianSuper нема плаќање за пристапување, придонеси или префрлување (освен цената на трансакции за опцијата ASX 200 Shares). Сите членови плаќаат низок износ за административни трошоци од само $1.50 неделно (се наплатуваат и други трошоци), а фондот делува само во корист на членовите.

Кога се доаѓа до избор, бидете сигурни дека ги разбирате своите права и можности за да го направите најдобриот избор за вас и вашето семејство.

Ако сакате повеќе информации за законите за избор на фонд јавете се на AustralianSuper на **1300 300 273**, или појдете на **www.australiansuper.com**

# AustralianSuper е создаден по спојувањето на Australian Retirement Fund и Superannuation Trust of Australia во јуни 2006. При пресметувањето на добивката со AustralianSuper од инвестиции во минатото, кога само еден фонд претходно нудел иста добивка како и некоја опција во новиот пакет на продуктот, користена е добивката од таа опција. Кога двата фонда нуделе опција со иста вредност, добивката е споредувана во однос на вложувањата во двете опции врз месечна основа, кога тоа беше можно. Кога податоците за имот не се достапни, за една или двете опции со иста вредност, пресметан е просекот на месечните добивки. Добивките се за периодот до 30 Јуни 2009.

**Важна информација:** Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука во врска со AustralianSuper, проучете ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за претставување на производ (Product Disclosure Statement) што можете да ја најдете на **www.australiansuper.com/tools** или ако се јавите на **1300 300 273**. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898.